РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање мислење, со кое од Државната комисија се бара мислење во однос на тоа дали постои судир на интереси при процесот на селекција за сценарист на документарен филм со наслов „Духовни и фолклорни традиции на Битола" во Агенцијата за филм, на кој лицето има аплицирано, а истовремено е вработена како административен службеник во Министерството за култура и туризам – Сектор за инвестиции.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Судирот на интереси е дефиниран во член 2 став (3) од истиот закон и тоа:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности."

Имено, Државната комисија е на став дека во конкретната ситуација не постои состојба на судир на интереси но при натамошното извршување на службени должности како вработено лице во Министерство за култура и туризам, лицето треба да внимава да не се доведе до судир на интереси.

Согласно наведеното, Државната комисија укажува за тоа доколку лицето се најде во некоја ситуација која може да доведе до потенцијален судир на интереси или реален судир на интереси потребно е да се постапи согласно член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и тоа:
Член 75 став 1
„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување."

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во согласност со тоа потребно е да ги имате во предвид и следните одредби од Законот за спречување  на корупција и судир на интереси

Член 4  - Начело на интегритет:

„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.

(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**